Врз основа на член 55 став 1 и од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), член 50 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016 година и Службен весник на РСМ 257/20и 16/24 година) член 3 став 3 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018), и дополнувањето на Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог на Министерот за избор на кандидати кои конкурирале за доделување на еднократни парични средства за објавен научно-истражувачки труд за 2021 година, бр. 15-4023/1 од 22.12.2023 година, а согласно Финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2024 година, Министерот за образование и наука, донесе

# РЕШЕНИЕ

За измена и дополнување на Решението за финансирање на прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2021 година бр.15-1023/2 од 13.04.2023 година.

1. Со оваа решение се додаваат следниве барања од автори со научно-истражувачки трудови согласно Конкурсот за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2021 година

| Р. Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Фактор на влијание | подносител | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Борче Макријовски | Профил на аминокиселински состав во македонско бело саламурено сирење | Азиско списание од областа на хемијата | 0,9 | Факултет за Био технички науки, Универзитет „Свети Килемент Охридски“, Битола | прифатено |
| 2. | Ариант Река | Микроструктура-механички својства K-Mg-Al-Si-O-F стаклена керамика допирана со Ag/Au | РСЦ Адванцес | 4,036 | Државен Универзитет во Тетово | Прифатено |

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Согласно член 2 од Правилникот за остварување на правото за еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средства за објавување на трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/2018) распишан е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2021 година со бр.15-4095/1 од 31.03.2022 година. До Министерството за образование и наука до 01.10.2022 година доставени се вкупно 304 барања од автори за доделување средства за објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно научно списание со фактор на влијание. Во согласност со член 3 став 1 од Правилникот за остварување на правото на еднократна награда за објавување на научен труд и за надомест на средствата платени за објавување на трудови („Службен весник на Република  Македонија“ бр.102/2018) доставените барања ги разгледа стручна пет члена комисија формирана од Министерот на Министерството за образование и наука со Решение број 15-4095/1 од 29.08.2022 година и изготви дополнување на Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог на Министерот за избор на кандидати кои конкурирале за доделување на еднократни парични средства за објавен научно-истражувачки труд за 2021 година, бр. 15-4023/1 од 22.12.2023 година, и Извештајот од работата на Комисијата за давање предлог за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание за 2021 година до Министерката на Министерството за образование и наука бр.15-3673/3 од 11.07.2024 година. Барањата кои беа дополнително разгледувани  ги исполнуваат условите согласно конкурсот. Според научни подрачја дополнително се финансираат научно-истражувачки трудови од:„Техничко-технолошко науки“-1 и „Биотехнички науки“-1 .

Дополнувањето на Решението за финансирање на прифатени научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2021 година по научни области го донесува Министерката врз основа на конкурсниот услов за распределба на средства за финансирање на објавен домашен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2021 година, финансискиот план на Министерството за образование и наука за 2024 година и Програма  за научно-истражувачка дејност за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр.41/24).

Според горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.